Советот Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 6 став 1 алинеја 6 и член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14), а согласно Решение IV.Ст.бр.505/14 од 09.06.2014 година на Основниот суд Скопје II Скопје, заверено во Агенцијата под бр.03-3368/1 од 24.06.2014 година и Заклучокот бр.02-3377/4 од од 27.06.2014 година, на 38-та седница, одржана на 27.06.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за отпис од сметководствената евиденција**

1. СЕ ОТПИШУВА од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговско радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА" ДООЕЛ Скопје, во износ од 2.181.554,00 денари (по Фактура бр.146/2008 од 16.12.2008 година – износ од 1.138.457,00 денари и по Фактура бр.149/2009 од 18.08.2009 година – износ од 1.043.907,00 денари).

2. Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2014 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА" ДООЕЛ Скопје, беше имател на дозвола за вршење радиодифузна дејност, бр. 07-3648/1 од 16.12.2008 година, која Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, му ја издаде на наведениот субјект.

ТРД „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА" ДООЕЛ Скопје на име годишен надоместок за вршење радиодифузна дејност, врз основа на фактура бр.146/2008 од 16.12.2008 година – износ од 1.138.457,00 денари и по Фактура бр.149/2009 од 18.08.2009 година – износ од 1.043.907,00 денари, на Советот за радиодифузија на Република Македонија сега Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ѝ должи износ од 2.181.554,00 денари, врз основа на правосилно и извршно Решение II ПЛС бр.3992/09 од 15.09.2010 година на Основниот суд Скопје II. Во „Службен весник на Република Македонија" бр.90/14 година од 11.06.2014 година, беше објавено Решение IV.Ст.бр.505/14 од 09.06.2014 година на Основниот суд Скопје II Скопје (заверено во Агенцијата под бр.03-3368/1 од 24.06.2014 година), со кое се отвара, стечајна постапка над Трговското радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА" ДООЕЛ Скопје, ул.„27-ми Март" бр.5, Скопје - Центар, но истата не се спроведува заради немање имот на должникот и се заклучува. На овој начин не постојат законски услови Агенцијата да го наплати своето побарување во износ од 2.181.554,00 денари од должникот ТРД „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА" ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го во предвид горе наведеното, а согласно законската обврска за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на побарувања за кои не постои можност да бидат наплатени, се донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-3430/1

27.06 2014 год
**Скопје**

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:
- Секторот за економско – финансиски работи
- Секторот за правни работи
- Секретаријатот на Агенцијата – Архива